

## РЕАКЦИЈА НА СЛОБОДАН УНКОВСКИ

# „Мала станица“ не е проект на УНЕСКО, туку на Унко

По вчерашната изјава на Министерката за култура Самоиловска - Цветанова, за давање на зградата на Културниот центар „Мала станица“ во Скопје, на друг корисник а со иста намена, би сакал да ве потсетам на следново:

Културниот центар „Мала станица“ е основан 1992 година и од тогашната Влада на Република Македонија е добиен на користење на 15 години (значи до 2007 најмалку) стариот магацин на ЈНА на улица „Железничка“ бр. 18 со површина од 2.000 м2. Идејата од самиот почеток беше да се развие прва приватна институција во културата во Македонија, која би гиобединувала театарските активности, визуелните уметности, издаваштвото, филмските уметности и едукацијата.

Зградата, изградена 1927 год. беше комплетно очистена, направена голема канцеларија и други мали предуслови за активности.

Од 1993 до почетокот на 1996 со меѓународна помош, со мала поддршка на тогашното Министерство за култура, со средства од домашни донатори и со лични средства на сите учесници во проектите беа направени најмалку 5 претстави, една голема изложба на Центарот за современи уметности на СОРОС, уште неколку помали изложби, ТВ серија во 6 епизоди и др. Цела една генерација млади актери и режисери кои денес се водечки во Македонија, ги направија своите први чекори во таа зграда.

Претставата “Туку така под облака“ е сè уште најприкажуваната македонска претстава по разни фестивали низ Европа.

Во тој период се направени и проектите за адаптација на зградата и преговарано е со разни финансиски институции околу финансирањето на изградбата. Беа направени четири проекти а последниот проект е скоро комплетно спремен за градење.

Во периодот од февруари 1996 до октомври 1998, додека бев Министер за култура, ги стопиравме скоро сите активности, зошто сметав дека не можам и да бидам Министер и да имам свој приватен центар од истата област во која предлагам закони и распоредувам средства од околу 40 милиони германски марки на годишно ниво.

По завршување на мандатот и со воспоставување на новата власт, заедно со еден од можните инвеститори за дел од зградата, поднесовме уредни документи за почеток на адаптацијата во Министерството за урбанизам . Две години траеше агонијата во која постојано се бараа додатни измени, додека не ни стана дефинитивно јасно дека нема никогаш да добиеме таква дозвола.

По неколкуте мои интервјуа во локалниве весници во кои критички говорев за работата на Владата, а особено за нејзиниот неодговорен однос кон македонската култура, традиција и јазик, почнаа редовно да ни ги кршат прозорците на канцеларијата, а во октомври 2000, Владата на премиерот Георгиевски донела одлука со која престанува важењето на Одлуката на Владата од 1993 година кога ја добивме зградата на користење.

Никакво образложение не е дадено ни во одлуката ниту на некој друг начин, ниту е посочен некаков правен лек.

Владата ја заклучи зградата, и бидејќи ние одбиваме да се иселиме, дел од мебелот, реквизитите, светлосна опрема, костими и скоро целокупната документација остануваат во зградата.

Приказната за „Мала станица“ е дел од една веќе банална приказна за начинот на кој се отугуваат вредностите во Македонија - девалвирање, девастирање, неможност ништо да се направи без аминување од власта и потоа присвојување на идеите или вредноста седно, по никаква цена.

„Мала станица“ како име на Културен центар и како тип на културни активности е развиена од група културни работници од Скопје со широка поддршка на граѓаните на градот. Таа го носи тоа име како дел од меморијата за еден дел на градот и како нагласок на алтернативните идеи што таму се развија или требаше допрва да се развиваат.

Земањето на зградата од нас за да се развие исто така културен центар Мала станица го сметам за криминален чин и евтин предизборен маркетинг на Министерката за култура.